ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА КРУШЕВО

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА КРУШЕВО

# 6

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Изградба на паркинзи на повеќе локации низ градот (за секоја населба по еден јавен паркинг).
- Набавка на машини и опрема за јавното комунално претпријатие во насока на редуцирање на отпад, набавка и поставување на канти за рециклирање и примена на современи светски практики.
- Набавка на соодветна механизација за чистење на улиците од снег.
- Субвенции за соларни колектори.
- Санирање и реконструкција на општински згради кои се дотраени и во фаза на распаѓање.
- Пренамена на објекти кои се под локална самоуправа за потребите на граѓаните.

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- Заложба општината да се вложи во иницирање јавна дебата за законски измени со кои: (а) бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два; (б) ќе се ослободат инструментите на непосредната демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани.
- Почесто организирање локални референдуми, иницијативи и граѓански собири, како алатка за планирање на развојот на општината
- Функционална мрежа на урбани заедници, како систем за граѓанска партиципација и враќање на месните заедници, како облик на непосредно територијално самоорганизирање и актуелизирање на проблеми од соседството.

## 2. Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање политики

- Граѓанска партиципативност и вклучување на локалните жители во процесот на креирање децентрализирани јавни политики.
- Отворен ден за граѓански идеи.
- Отворени денови на градоначалникот и советниците.

## 3. Транспарентност во работата на општината

- Двосменско работење на шалтерите со цел поголема достапност на граѓаните.
- Задложително одржување на седниците на советот вон работно време, со цел можност за присуство на повеќе граѓани
- Јавно достапни материјали за работа на седниците вклучително предлог

програмите, записниците и предлог буџетите.

- Пренос во живо (лајв-стрим) на седниците на советот на општината.
- Воведување на проектот „Е-општина“.

### 4. Локална власт во заштита на работничките права

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации
- Бирање на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Елиминација на непотизмот и партиските вработувања.
- Почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Непречено и слободно синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.
- Позитивна дискриминација при вработување на лица од загрозена категорија (самохрани родители, деца на стејачци, лица во социјален ризик).
- Флексибилно работно време за самохрани родители во општински институции.
- Ослободување од комуналии за градба на семејства кои немаат траен дом.

### 5. Намалени хонорари на локалните функционери

- Намалување на паушалите на членовите на управните и надзорните одбори во јавните комунални претпријатија.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

### 1. Плански проактивни општини

- Формирање на општинско јавно претпријатие за извршување градежни работи
- Таргетирана и стратешка изградба на јавни згради со средства на општината (социјални станови, старечки домови).

### 2. Квартален отчет за приходите и расходите на општинскиот буџет

- Подобрување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на избраните и именувани лица.
- Редовно сервисирање и намалување на долговите на општината како правно лице.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 3. Зголемување на општествената одговорност на крушевските компании

- Стимулирање на стипендирања од страна на приватните фирми на ученици и студенти.
- Стимулирање на вработувања на социјално загрозени категории.

## 4. Поддршка на развојот на занаетчиите и малите семејни бизниси

- Планирање буџетски средства за поддршка на микро и мали претпријатија.
- Ослободување од паушал, првите две години, за дејности од филигранство, копаничари, ковачи, рачни изработки и други занаетчиски бизниси и промоција од страна на општината како автентичен туристички белег.
- Поттикнување на индивидуалните занаетчии и други кои работат но, не се регистрирани.

## 5. Помош на локалното земјоделство

- Планско овозможување бесплатни консултации на земјоделците со агрономи, ветеринари и други стручни лица.
- Помош при откуп на земјоделски производи.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 1. Улици и патишта во градот и населените места

- Асфалтирани и добри патишта до секое село, населба и маало во општина Крушево.
- Асфалтирање и реконструкција на улиците во градот и населените места (со приоритет на с.Св. Митрани кое е во најзагрозена состојба).
- Инклузивен и безбеден сообраќај за подобро поврзување на секој дел од општината.
- Изградба на тротоари онаму каде што тоа го дозволуваат условите.
- Редовно санирање на оштетувањата на коловозите и на паркинзите.
- Систематско одржување на хоризонталната и вертикалната сообраќајната сигнализација.
- Редовно сервисирање на дефектите на јавното осветлување, проширување на мрежата на јавно осветлување и поставување на штедливи сијалици за енергетска ефикасност.
- Поставување на сијалици на соларни панели со цел заштеда на електрична енергија.
- Изградба на потпорни ѕидови на улиците, онаму каде што тоа е неопходно, согласно конфигурацијата на теренот.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

- Поставување на ракофати и огради на стрмните места на ридестите улици во високите делови на градот.

## 2. Пешачки зони

- Зголемување на пешачките зони забранети за друг сообраќај.
- Уредување на рекреативни патеки на повеќе локации.
- Успорување на моторизираниот сообраќај во населените места преку инфраструктурни решенија (легнати полицајци).

## 3. Јавен превоз

- Модернизација на градскиот и приградскиот јавен транспорт.
- Утврдување на состојбата на патиштата и покриеноста со јавен превоз во селските средини и автобуско поврзување на руралните населени места.
- Зголемување на фрекфенцијата на автобуските линии и усогласување на возниот ред со динамиката и потребите на локалното население.
- Редовни јавни транспортни линии вон градот.
- Субвенционирани билети за јавен превоз за различни категории граѓани кои живеат во социјален ризик, како и за студенти и пензионери.
- Поставување на модерни автобуски постојки во и вон градската средина (Алданци, Врбоец, Острилци...).

## 4. Градски паркинг

- Изградба на современи паркинг плацеви со заштитни тенди за паркираните автомобили.
- Изградба на наменски паркинг простор во близина на градинките, пазарите и угостителските објекти со цел да се избегне блокирањето на улиците.
- Редовно отстранување на хаварисани возила од градските улици.

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

## 1. Водовод

- Чиста вода за пиење во секое село и секоја населба (помош во изградбата на водостопански објекти, прочистителни и препумпни станици во секое населено место, со можност за приклучок кон градскиот водовод).
- Реновирање и редовно одржување на водоснабдителните мрежи наменети за наводнување и полевање.

## 2. Канализација

- Редовно чистење на каналите и речните корита од нанесениот цврст отпад.
- Расчистување на уличните шахти во градот и населените места за да може да се вратат во функција.

## 3. Погребални услуги

- Формирање на општинско погребално претпријатие.

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

## 4. Јавна чистота

- Редовно и навремено чистење и одржување на улиците од снег во зимскиот период.
- Реновирање и тековно одржување на градските вециња, со задоволително ниво на хигиена
- Хортикултурно уредување на секоја јавна површина во градското подрачје.
- Современо и навремено транспортирање на комуналниот отпад во соодветни возила.
- Одржување на јавна хигиена преку секојдневно чистење и миење на улиците.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## 1. Стоп на загадувањето на природата

- Справување со проблемот на градското буниште.
- Конкретни проекти што ќе го намалат или елиминираат загадувањето на животната средина.
- Доставување на бесплатни корпи за селекција и рециклирање на цврст отпад секаде каде што има можност да се постават.

## 2. Еко-активизам

- Акции за чистење на излетничките места и на планинарските патеки.
- Чистење на дивите депонии.
- Граѓански позорникарски и едукативни еко-патроли составени од млади волонтери (екологисти, зелени активисти, извидници).
- Планско пошумување на места каде има голи ридиви и каде што било опожарено.

## 3. Паркови и зеленило

- Казнување на несовесните граѓани кои ја уништуваат урбаната опрема во зелените површини.
- Поставување на видиковци на атрактивни места каде што има услви.
- Рамномерно оплеменување на запуштените јавни зелени површини во секој дел на градот.
- Редовно наводнување на урбаното зеленило.

## 4. Енергетска ефикасност

- Термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни објекти.
- Инсталација на соларни панели на сите јавни објекти во сопственост на општината.
- Субвенции за обновливи извори на енергија.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

## 1. Образование

- Решавање на долгогодишниот проблем на основното училиште со деблокада на сметките.
- Реновирање на дотраените училишта во населените места (кровови, училници, ходници, врати, прозори, санитарни јазли).
- Отворање на стручни насоки во гимназијата ( машинска, информатичка) со што би се задржале средношколците во општина Крушево.
- Стипендирање на најдобрите ученици во основното и средно училиште.
- Бесплатен оброк за сите ученици во основните училишта.
- Воведување на униформи во основното и средното училиште.
- Обезбедување соодветен општински возен парк за превоз на ученици.

## 2. Култура

- Негување на фолклорот и старите занаети.
- Поддршка на традиционалните културни манифестации.
- Отстапување на јавни површини за оплеменување со графити и уметнички цртежи.
- Организирање на музички и театарски фестивали и програми за забава и едукација како за младите така и за возрасни.
- Имплементација на лицата со попреченост и ретки болести во културната дејност.

## 3. Туризам

- Поддршка на секое физичко и правно лице за опремување и реновирање на издавачки капацитети за туристи.
- Интензивен развој и субвенционирање на алтернативниот туризам (планински, манастирски, рурален/селски, екстремни спортови) и отварање на локални пазарчиња за промоција на македонската гастрономија.
- Развој на услови за кампинг и клајмбинг туризам.
- Туристичка промоција низ печатени материјали, табли на влезовите, мултимедијални производи и медиумска промоција.
- Официјален туристички промотор и изработка на апликација во App store со информации за сите патеки за пешачење и велосипедизам, ГПС записи и сместувачки капацитети.

## 4. Спорт и рекреација

- Поддршка и промоција на планински и адреналински спортови, параглајдинг, како и спортови на вода како кајакарство, риболов и.т.н.
- Поддршка на локалниот спорт, спортските сојузи и клубови во различни форми преку изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура.
- Организирање маалски лиги во разни спортови, со наградни фондови поддржани од општинскиот буџет.
- Промовирање на современи спортови.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

### 5. Детски игралишта

- Изградба, санација и редовно одржување на повеќенаменски игралишта за деца и млади.
- Реконструкција и уредување на сите постоечки детски игралишта со повеќе различни елементи за забава за најмладите.
- Овозможување на пристапност до детските игралиште на децата со хендикеп, со поставување на соодветни помошни реквизити.
- Изградба, реконструкција и уредување на детски игралишта во руралните средини.

# VII. МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

### 1. Детска заштита

- Отворање нови групи во градинките за децата кои имаат попреченост со цел да се помогне во нивниот развој.
- Вработување на стручен кадар во градинките.

### 2. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Проширување на капацитетите на пензионерскиот дом наменет за домување на стари лица и негување на изнемоштени лица.

# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

### 1. Помош за социјално ранливите категории граѓани

- Проширување на капацитетите на народната кујна.
- Воведување интервентен фонд за социјално загрозени семејства.
- Поддршка за самохрани родители.
- Воведување на програми за превенција на насилство, вклучувајќи семејно насилство, насилство врз деца и поддршка за жртвите.
- Изградба на социјалните станови и ревизија на начинот на доделување.
- Бесплатно членство во спортски клубови на децата од социјално ранливите групи.

### 2. Општествена грижа за лицата со попреченост

- Осовременување на дневниот центар за лица со посебни потреби
- Имплементирање во целост на проектот „Личен асистент за лицата со попреченост“.
- Програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост.

# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## 3. Пристап до јавните објекти за инвалидните лица

- Градежно прилагодување на влезовите на јавните згради за непречен пристап за инвалидни лица.
- Целосна пристапност на сите главни улици за луѓе со инвалидски колички (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини), како и слободен пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови, јавниот превоз...

## 4. Јавно здравје

- Зголемување на бројот на бесплатни превентивни прегледи за граѓаните во градот и населените места со цел навремено откривање и спречување на болест.
- Воведување на подвижни амбуланти за потребите на жителите од руралните средини.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## 1. Меѓуопштинска соработка и партнерски однос со невладините организации

- Соработка со ЗЕЛС и со соседните општини.
- Соработка со граѓански здруженија и користење на експертска помош од граѓанските здруженија за областа во која тие дејствуваат.

## 2. Преземање сет мерки за заштита и спасување на граѓаните

- Осовременување на возниот парк на територијалната Противпожарна служба.
- Поставување хидранти до капиталните градски објекти со цел нивна ефикасна заштита.

## 3. Стоп на нехуманиот третман на бездомните животни

- Основање на современо јавно претпријатие за заловување, стерилизација и вакцинирање на бездомни животни.
- Отварање на стационар за сместување на животни, како за бездомни така и за животни кои имаат сопственик а, потребно е нивно привремено згрижување.
- Организирање на акции за вдомување и старателство на животните.
- Подигање на свеста за хуман однос кон бездомните животни.

# X. КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

## 1. Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: располагањето со општинските пари, склучувањето на договори за јавни набавки, промената на генералниот и деталните урбанистички планови.

## 2. Персонално екипирање на општинските инспекции

- Комплетно доекипирање на инспекциските служби со цел зголемување на нивната ефикасност.
- Обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните теренски надлежности.
- Редовни извештаи од страна на инспекторите кои ќе бидат јавно достапни.

## 3. Спокојно урбано живеење

- Ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња.
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и рестораните.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови со поголема сообраќајна контрола.
- Регулирање на прекумерната бучава од верски објекти преку ограничување на гласноста која доаѓа од нив.



# ЛЕВИЦА

**ЗА КРУШЕВО**

**6**

# ЛЕВИЦА

## ЗА КРУШЕВО

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija